# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД ГОДИШНАТА ПРОГРАМА
# НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА ЗА 2018 ГОДИНА

**февруари 2019 година**

## ВОВЕД

Министерството за образование и наука согласно Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишна програма за работа на Владата („Службен весник" бр.124/08 и 58/18), а врз основа на Стратешките приоритети на Владата за 2018 година подготви Годишна програма за работа на министерството за 2018 година (со бр.01-1936/1 од 14.02.2018).

Во насока на обезбедување транспарентност во спроведување на политиките на Владата и трошењето на буџетските средства, на 14.02.2018 година, Годишната програма е објавена на веб страната на министерството, на следниот линк: http://www.mon.gov.mk/index.php/dokumenti/strateshki-plan

Согласно точка 2 (табела 1, точка 7) и став 5 на точка 5.4 од Методологијата, министерствата се должни континуирано да го следат спроведувањето на Годишната програма за работа и да изготвуваат периодични извештаи за степен на спроведување .

Од тие причини, изготвен е овој извештај, кој се однесува на реализирани активности од Годишната програма за работа на министерството за 2018 година.

## I. ПРОМЕНА НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА

Во Програмата на Министерството за образование и наука за 2018 година, предвидено е да се донесат измени и дополнувања на 20 (дваесет) закони а да се донесат нови 5 (пет) законски решенија.

**Реализирани активности во 2018 година:**

- Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за учебници за основно и средно образование, и истиот е објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.21/2018 од 02.02.2018 година
- Собранието на Република Македонија го донесе Законот за основање на математичко-информатичка гимназија и истиот е објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.64/18 од 11.04.2018 година.
- Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за студентскиот стандард и истиот е објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.64/18 од 11.04.2018 година.
- Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за ученичкиот стандард и истиот е објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.64/18 од 11.04.2018 година
- Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование и истиот е објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.64/18 од 11.04.2018 година. Изготвен е и предлог-текст на новиот Закон за основното образование и истиот на 10 април 2018 година е објавен на ЕНЕР и на веб страната на министерството во насока на консултација со пошироката јавност
- Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование и истиот е објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.64/18 од 11.04.2018 година.
- Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука и истиот е објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.64/18 од 11.04.2018 година
- Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Педагошка служба и истиот е објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.64/18 од 11.04.2018 година.
- Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност и истиот е објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.64/18 од 11.04.2018 година).
- Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за отворените граѓански универзитети за доживотно учење и истиот е објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.64/18 од 11.04.2018 година.

- Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за образование на возрасните и истиот е објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.64/18 од 11.04.2018 година.
- Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за просветна инспекција и истиот е објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.64/18 од 11.04.2018 година.
- Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за спортска академија и истиот е објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.64/18 од 11.04.2018 година.
- Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Државниот испитен центар и истиот е објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.64/18 од 11.04.2018 година.
- Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието и истиот е објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.64/18 од 11.04.2018.
- Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за иновациска дејност и истиот е објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.64/18 од 11.04.2018 година.
- Собранието на Република Македонија го донесе Законот за високото образование и истиот е објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр..82/18 од 08.05.2018
- Собранието на Република Македонија го донесе Законот за поддршка на млади при купување на музички инструменти и истиот е објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.113/18 од 20.06.2018
- Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење и истиот е објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.140/18 од 30.07.2018 година.
- На 4.9.2018 година, на системот не ЕНЕР објавено е Известување за почеток на процесот за подготовка на предлог за донесување на Закон за заемно признавање на професионалните квалификации.
- Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување на законот за Академијата за наставници и истиот е објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.220/18 од 30.11.2018 година.
- Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување на законот за наставници во основните и средните училишта и истиот е објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.220/18 од 30.11.2018 година.
- Владата на Република Македонија на 98-та седница, одржана на 30.10.2018 година го усвои Закон за дополнување на законот за ученичкиот стандард. Законот е донесен од страна на Собранието во месец јануари 2019
- Владата на Република Македонија на 105-та седница, одржана на 27.11.2018 година го усвои Законот за изменување и дополнување на законот за

студентскиот стандард. Законот е донесен од страна на Собранието во месец јануари 2019

- Со Решение на министерот за образование и наука, со број 12-14317/1 од 30.11.2018 година, формирана е работна група со претставници од Министерството за образование и наука, Центарот за стручно образование, Центарот за образование на возрасни, Државниот испитен центар и Државниот просветен инспекторат, за измена и дополнување (или изготвување на нови закони) за Законот за средно стручно образование Законот за образование на возрасните и Законот за национална рамка на квалификации. Работната група оствари неколку работни средби во месец декември 2018

## II. ПОДЗАКОНСКИ АКТИ, ПРОГРАМИ, ОДЛУКИ, УРЕДБИ...

Во Програмата на Министерството за образование и наука за 2018 година, предвидени се пет (5) програми (Програма за унапредување на дејноста во ученичкиот стандард за 2018 година, Предлог програма за унапредување на дејноста во студентскиот стандард за 2018 година, Предлог програма за научно-истражувачката дејност за 2018 година, Предлог програма за изградба и реконструкција на основни училишта за 2018 година и Предлог програма за изградба и реконструкција на средни училишта за 2018 година), Конкурс за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2018/2019 година во Република Македонија, повеќе акти како и Правилник за мерила и критериуми за финансирање на високото образование.

**Реализирани активности во 2018 година**:

- Петте програми се донесени од страна на Владата на Република Македонија. на седницата одржана на 23.01.2018, и се објавени во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/2018 од 26.01.2018 година.
- Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2018/2019 година во Република Македонија на 31.03.2018 година, е објавен на веб страната на министерството и во јавните гласила.
- Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за образование и наука на Шеесет и шестата седница, одржана на 02.05.2018 година донесе:
    - Одлука за бројот на студенти кои се запишуваат на јавни високообразовни установи, чие образование се финансира од Буџетот на Република Македонија, за академската 2018/2019 година,
    - Одлука за утврдување на бројот на квоти по студиски програми за студенти, чие родителско право го врши само еден родител за академската 2018/2019 година,
    - Одлука за дополнителни квоти за запишување на студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија во прва

година – прв циклус на студии на јавните високо-образовни студии за академската 2018/2019

- Одлука за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високо-образовни установи за академската 2018/2019 година и
- Одлука за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високо-образовни установи за академската 2018/2019 година.

- Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за образование и наука на Осумдесет и петтата седница, одржана на 29.08.2018 година донесе:
  - Одлука за бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученичките стипендии. Одлуката е објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр.165/18 од 06.09.2018 година
  - Одлука за доделување на стипендии на странски државјани од интерес за Република Македонија (стипендии за студенти со македонско потекло од Балканскиот полуостров). Одлуката е објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр.165/18 од 06.09.2018 година. Конкурсот за доделување на стипендии е објавен на 19.09.2018 година
- Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за образование и наука на Деведесеттата седница, одржана на 25.09.2018 година донесе:
  - Уредба за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за основното образование по општини за 2019 година,
  - Уредба за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за средното образование по општини и Градот Скопје за 2019 година,
- Уредба за методологија за утврдување на критериуми за распределба на наменски дотации за основното образование по општини за 2019 година и истите се доставени на мислење до релевантните институции: Согласно новиот текст на Законот за високото образование кој стапи на сила на 16 мај 2018 година, предвидено е формирање на Национален совет за високо образование кој има обврска да предложи до Владата на Република Македонија, предлог-уредба за мерила и критериуми за финансирање на високото образование. Рокот за формирање на Националниот совет е до 16 мај 2019 година, а истиот мора ги донесе актите предвидени со Законот за високото образование најдоцна во рок од 6 месеци од денот на неговото формирање, односно до 16 ноември 2019 година. Од тие причини овој подзаконски акт не е донесен во текот на 2018 година.
- Донесен е Правилник за формата и содржината на уверението за положен испит за директор, согласно Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење , и истиот е објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.74/2018 од 24.04.2018 година

- Донесени се девет подзаконски акти, согласно новиот Закон за високото образование и истите се објавени во „Службен весник на Република Македонија” бр.102/2018 од 1.06.2018 година
- Донесен е Календар за организација и работа на основните училишта во учебната 2018/2019 година и истиот е објавен во „Службен весник на Република Македонија” бр.128/18 од 11.07.2018 година
- Донесен е Календар за организација и работа на средните училишта во учебната 2018/2019 година и истиот е објавен во „Службен весник на Република Македонија” бр.133/18 од 19.07.2018 година

**Реализирани активности кои не се предвидени со Програмата за работа:**

- Во рамки на проектот за подобрување на исхраната на децата во предучилишните установи и основните училишта кој се реализира во соработка и со поддршка на УНИЦЕФ, унапредена е содржината на Правилникот за стандардите за исхраната и за оброците во основните училишта, изготвено е Упатство за негова правилна примена, а дополнително е креирана и електронска алатка која овозможува проверка на квалитетот на оброците наменети за најмладите. Наведените прописи и е-алатката се наменети за менаџментите и одговорните лица во основните училишта, во насока на соодветно планирање на исхраната која има особено големо значење за правилниот психофизички раст и развој на децата и истите се достапни на веб страната на Министерството.
- Донесена е Методологија за развој на наставни планови во техничко образование со бр. 24-626/1 од 19.10.2018 година
- Донесена е Методологија за изработка на модуларни наставни програми базирани на компетенци со бр. 24-627/1 од 19.10.2018 година
- Изготвено е Упатство за доделување на ЕЦВЕТ кредити и поени во стручното образование и обука, и истото е одобрено од Националниот одбор на Македонската рамка на квалификации на седницата одржана на 12.10.2018 година
- Донесена е Стратегија за образование на возрасни 2019-2023, со Решение на министер со бр.12-14817/1 од 10.12.2018

## III. ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ОСНОВНОТО И СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО И СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ) И УЧЕНИЧКИОТ СТАНДАРД

Во третата програма предвидени се 24 мерки/активности за подобрување на квалитетот на основното и средното образование и ученичкиот стандард.

**Реализирани активности во 2018 година**:

- Согласно Законот за основното образование и Законот за средното образование, обезбеден е бесплатен превоз за учениците кои имаат место на живеење оддалечено најмалку два километри од најблиското основно

училиште односно најмалку 2,5 километри од средното училиште во кое ученикот е запишан.

- Обезбедено е бесплатно сместување и исхрана на ученици од средното образование кои изучуваат струки кои не се застапени во нивната општина/регион. На 29 август 2018 година, на веб страната на министерството објавени се списоците за обезбедено бесплатно сместување и исхрана на ученици од средното образование кои изучуваат струки кои не се застапени во нивната општина/регион, во некој од државните и/или општинските ученички домови.
- Министерството во месец јануари 2018 објави Јавен повик за наградување на најбезбедни и најчисти училишта за учебната 2017/2018 година. Рокот за аплицирање траеше до 30.03.2018 година. На јавниот повик за наградување на најбезбедни и најчисти училишта за учебната 2017/2018 година, пристигнаа се 15 апликации (од 11 основни и 4 средни улилишта). По спроведената евалуација на пристигнатите апликации од страна на работната група, како и врз основа на извршените посети на терен (во самите училишта) избрани се 3 основни и 3 средни најбезбедни и најчисти училишта.
- На 23.03.2018 објавен е Конкурс за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од средните училишта (за 28 наставни предмети) а на 27.03.2018 објавен е Конкурс за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од основните училишта (за 21 наставен предмет),
- На 21.06.2018 година, објавен е Јавен повик за доделување парична награда за освоено прво место на натпревар на државно ниво, организиран од акредитирано здружение на наставници на ученикот и неговиот наставник.. Барањата од ученикот, односно од неговиот наставник за исплата на парична награда за освоено прво место на натпревар на државно ниво во учебна година, се доставуваа до Министерството најдоцна до 31 декември 2018.
- Во однос на мерката „Покривање на трошоците за учество на меѓународни натпревари, научните олимпијади и меѓународни школи за млади истражувачи" во предлог верзијата на новиот Закон за основно образование предвидено е Министерството, на барање на акредитирани здруженија на наставници, во текот на учебната година да ги покрива трошоците за котизација, пат, храна и сместување на најмногу седум ученици и по еден нивен ментор за учество на најмалку два меѓународни натпревари кои се одржуваат во странство од било која област.
- По однос на Јавниот повик за доделување на парична награда за освоено прво, второ или трето место на меѓународен натпревар од областа на математиката и природните науки, на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за натпреварот од основното и средно образование за учебната 2017/2018 година., заклучно со крајниот рок на пријавување (31.08.2018 г.) пристигнати се 16 апликации во основно образование и 19 апликации во средно образование.

- По однос на Јавниот повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал во учебната 2017/2018 година на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad), на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за олимпијадата. Заклучно со крајниот рок на пријавување (31 август 2018) пристигнати се 13 апликации.
- Во однос на набавката на нова опрема (мебел) за потребите на ученичките домови, на 5 септември 2018 г., објавен е тендер за демонтажа, купување на мебел со изработка, транспорт и монтажа и набавка на перници и навлаки за перници за 18-те ученички домови и за истиот донесена е одлука за избор на најповолен понудувач на 28.11.2018 година.
- Во однос на проектот за изградба и реконструкција на основни и средни училишта, во 2018 годината реализирани се следните активности:
  - Завршена е доградбата на ОУ „Кирил и Методиј" во Фалише, Тетово.
  - Завршена е изградбата на ОУ „Вера Јоциќ" во о.Гази Баба.
  - Завршена е изградбата на ново монтажно училиште во с. Ношпал, Општина Могила
  - Во тек е изградбата на ОУ „Димитар Македонски" во о.Аеродром.
  - Започна изградба на нов училишен објект во м.в Љубош, КО Долно Количане, с.Батинци о.Студеничани
  - Завршена е изградбата на пет училишни спортски сали (ПСОУ „Перо Наков" Куманово, ОУ „Мустафа Ќемал Ататурк" Гостивар, ОУ Сабедин Бајрами во Камењане, општина Боговиње, Кавадарци и Јосифово-Валандово). Во фаза на изградба се 7 нови училишни спортски сали (во Виница, Куманово, Чашка, с.Лабуништа-Струга. Липково и две во Сарај, една во основно и една во средно училиште).
  - Завршена е реконструкција на едно училиште (доградба на концертна сала) во Општина Кавадарци (заеднички проект со општина Кавадарци и УСАИД)
  - Спроведени се постапки, согласно Законот за јавни набавки, за избор на фирма за санација на опожарен објект за ООУ „11 Октомври" –с.Ново Село, о.Боговиње и фирма за надзор на санација
  - Спроведени се постапки, согласно Законот за јавни набавки, за избор на фирма за изработка на техничка документација-основен проект со сите фази и елаборати за изградба на ОУ „Васил Главинов" , ПУ во с.Клуковец, Општина Велес и фирма за ревизија на техничка документација
  - Завршени се постапки согласно Законот за јавни набавки, за реконструкција на шеснаесет училишта (ОУ Браќа Миладиновци – Пробиштип, ОУ Тошо Арсов – Штип, ОУ Бајрам Шабани –Куманово, ОУ Крсте П. Мисирков – Оризари, ОУ Лазо Ангеловски –Скопје, ОУ Кузман Шапкарев – Драчево, ОУ Јероним Де Рада – Черкезе, ОУ Никола Карев – Пробиштип, ОУ Наум.Н.Борче – Маџари, ОУ Панајот Гиновски – Бутел, ОУ Перпарими – с.Чегране, ОУ Бајрам Шабани – с.Кондово, ОУ Васил Главинов – Чаир, ОУ „Димката Ангелов Габерот„ ПУ с. Прждево, о. Демир

Капија; ОУ „Јосип Броз Тито„ ПУ с. Радожда о.Струга и СОУ Гостивар) и започнаа активностите на терен. Поништени се постапките за рекострукција на три училишта (ОУ Единство Октиси, о.Струга, СОУ Ѓошо Викентиев, о.Кочани и СОУ Кочо Рацин, Свети Николе ).

- Во однос на набавката на училишен мебел за потребите на основните и средните училишта, на 2.10.2018 склучен е договор со избраната фирма. Училишниот мебел е доставен до училиштата
- Во рамки на ИПА 2, изготвена е анализа на 12 образовни установи, во насока на утврдување на нивната пристапност за ученици/студенти со попреченост. Во рамки на оваа анализа опфатени се четири средни училишта („Раде Јовчески – Корчагин" во Скопје, „Гоце Стојчески" во Тетово, „Наце Буѓони" во Куманово и „Наум Охридски" во Охрид).

- Изготвени се предлог-верзии на нови настави програми за второ и трето одделение во основно образование (на македонски, албански, турски и српски јазик) и истите на 2 мај 2018 година, се објавени на веб страната на министерството за поширока консултација со наставниците и стручната јавност пред нивно донесување. Примената на новите наставни програми за прво, второ и трето одделение во основно образование (на македонски, албански, турски и српски јазик) е одложена, бидејќи истата зависи и од донесувањето на новиот Закон за основно образование, за кој е потребна дополнителна поширока консултација со наставниците, граѓанските организации, меѓународните партнери и образовните пред неговото донесување. Од тие причини во фаза на подготовка е втора верзија на Законот за основно образование.
- Во однос на мерката за ревизија на учебниците и изготвување на нови поквалитетни учебници реализирани се следниве активности:
  - Извршена е измена на 30% од содржината на 22 учебника во основно образование, а за учениците од прво, втор и трето одделение набавени се комплетно нови учебници.
- Реализирано е ПИСА тестирањето 2018 година Во однос на ТИМСС тестирањето, реализирано е пробното тестирање во 32 основни училишта и подготвени се инструментите за главното ТИМСС 2019 тестирање. Обезбедено е учество во ПИСА2021 и во ПИРЛС2021
- Реализирано е пријавувањето и запишувањето на учениците во средните училишта.
- Продолжува реформата на четиригодишното средно стручно образование. Врз основа на Одлуката од Владата за продолжување на реализацијата на реформата на трите профила: градежен техничар, хотелско - угостителски техничар и електротехничар за компјутерска техника и автоматика во шесте пилот средни стручни училишта и во учебната 2018-2019 година, на 6 јуни усвоени се Рамковниот наставен план и наставните планови за 2, 3 и 4 година за трите пилот квалификации. Со новата учебна година започна и примената на реформираните модуларни наставни програми по стручните предмети во втора година во трите профила: градежен техничар, хотелско - угостителски техничар и електротехничар за компјутерска техника и

автоматика во шесте пилот средни стручни училишта. А во истите профили и истите училишта започнаа со примена и реформираните модуларни наставни програми по општо-образовните предмети (освен по предметот историја) во прва година (а продолжија со употреба реформираните модуларни наставни програми по стручните предмети). Во соработка со БРО и ЦСОО изготвено е Упатство за доделување на ЕЦВЕТ кредит и поени во стручното образование и обука. Спроведени се обуки за наставниците кои ќе ги реализираат новите наставни програми во четиригодишното средно стручно образование. Од страна на секторските комисии разгледани се сите 51 стандард на квалификации за техничкото образование. Од страна на министерот за образование и наука на 11 декември, донесени се наставните планови за останатите 48 квалификации во техничкото образование и формирани се работни групи за изготвување на нови модуларни наставни програми, базирани на компетенции (од прва до четврта година за стручните и општо-образовните предмети). На 1 декември објавен е повик за набавка на опрема за средните стручни училишта од секторот - земјоделство, рибарство и ветеринарство, согласно доставениот Извештај за проценка на потребната опрема во средните стручни училишта..

- Во месец септември 2018 година започна пилотирањето на дуалното средно стручно образование, во двете училишта – „Св. Наум Охридски" во Охрид и „Киро Спанџов" Брко во Кавадарци, во корелација со компаниите од приватниот сектор – Kostal, ODW-Elektrik, ЛТХ Леарница во Охрид и Дрекслмајер во Кавадарци.
- На 19 јуни 2018, официјално започна Проектот „Образование за вработување во Македонија" и истиот, ќе се имплементира во следните 10 години, преку повеќе етапи од кои првата треба да заврши во 2022. Фокусот ќе биде насочен кон унапредување на неформалното и формалното стручно образование во технолошкиот, услужниот и ИТ секторот, а ќе бидат опфатени млади невработени и несоодветно вработени лица на возраст до 29 години, ученици од стручното образование и обука, со грижа за вклучувањето на жени, Роми, како и лица со попреченост. Потпишан е Меморандумот за соработка помеѓу Владата на Република Македонија претставувана од Министерството за образование и наука, и Швајцарија претставувана од Швајцарската Агенција за развој и соработка преку Амбасадата на Швајцарија во Република Македонија за реализација на Проектот „Образование за вработување во Македонија" и формиран е Управен комитет за реализација на активностите. Првиот состанок на Управниот комитет се одржа на 28.11.2018г.
- По однос на јавниот повик за доделување грантови за спроведување на заеднички проекти на јавните средни стручни училишта и бизнис секторот, со рок на пријавување до 10.06.2018 година, пристигнати се 60 апликации од средни училишта во соработка со компании. Евалуацијата на проектите ја вршеше стручна комисија составена со претставници од МОН, ЦСОО и стопанските комори. Донесена е одлука за доделување на вкупно 25 гранта за трите мерки: воспоставување на училишна компанија преку деловно

водство и менторство од страна на бизнис заедницата; испраќање на ученици на практична обука во компанија и воспоставување на курсеви со решавање на проблеми за зајакнување на меките вештини кај учениците. Имплементацијата на 23 проекта започна (2 проект се откажани по барање на училиштата). Рокот за имплементација е до крајот на наставната година (јуни 2019).

- Министерството за образование и наука во соработка со Европската тренинг фондација (ЕТФ) започна со подготовка на Концепт за воспоставување на регионални ВЕТ Центри/Центри за извонредност. Тимот на ЕТФ присуствуваше на состанок со ДЕУ и линиските министерства (МОН и МТСП) при што даде експертска поддршка во процесот на преговарање и дефинирање на индикаторите и таргетите како дел од програмскиот документ „Договор за реформи во секторот „ЕУ за млади" за 2019 година во рамки на ИПА 2, во чии рамки е предвидено воспоставување на 3 регионални ВЕТ центри во 3 селектирани региони. Работната група за подготовка на Концептот за воспоставување на Регионални ВЕТ Центри/Центри за извонредност е воспоставена.
- По однос на Јавниот повик за спроведување на проектот „Субвенционирано купување на музички инструменти" за талентирани средношколци (доделување на еднократен паричен надоместок за ученици запишани на државните средни училишта за музичка уметност) до крајниот рок (26.11.2018) пристигнати се 4 апликации и во тек е нивна евалуација.
- Целосно се реализираше проектот „Лидер" за учебната 2018/2019 година. Финалните натпревари, на кои беа прогласени лидери на струка, се одржаа во првата недела од месец декември .
- Владата на Република Македонија на 85-та седница, одржана на 29.08.2018 година, ја донесе Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Македонија за учебната 2018/2019 година.
- Во однос на мерката „Уредување на ученичкото организирање" во првата предлог верзија на новиот Закон за основно образование предвидено е на седниците на училишниот одбор да се поканувaат и во неговата работа да може да учествуваат без право на глас и двајца претставници од училишната заедница од деветто одделение, кои се избрани од страна на сите ученици од деветто одделение со тајно и непосредно гласање кое се спроведува секоја година во текот на месец септември. На 31.10.2018 година, со решение на министерот формирана е Работна група за средношколско демократско организирање во Република Македонија, составена со претставници од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и младинските организации која изготви предлози за унапредување на средношколското организирање во земјата, кои се доставени во владина процедура на усвојување/прифаќање.
- Во однос на мерката: *Бесплатен градски превоз за учениците од главниот град*, Град Скопје донесе одлука за бесплатен превоз за сите ученици во

средните училишта на Градот Скопје независно од оддалеченоста на местото на живеење од училиштето во кое учат.

- Во завршна фаза е изработката на документот - Национален стандард за постигања на учениците за основното образование којшто се базира на клучните компетенции за доживотно учење одредени од Европската комисија (јазична писменост, комуникација на странски јазик, математички, научни и технолошки компетенции, дигитална писменост, учење како да се учи, лични, социјални и граѓански компетенции, претприменички компетенции, културни и интеркултурни компетенции).Врз основа на националниот стандард базиран на компетенцииите понатаму ќе се развијат нови наставни програми за основно образование.
- Согласно Годишната програма за обука на наставниот кадар од основните и средните училишта за 2018 година (донесена од страна на министерот за образование и наука), анализата од потребите на наставниците (спроведена од Бирото за развој н аобразованието), во месец октомври се распиша јавен конкурс за избор на понудувачи за реализирање на обука на тема: „Настава и учење во 21-от век, создавање иновативни училишта: подготвување на учениците за 21-от век". Избрани се три акредитирани провајдери за реализирање на обуката (по региони). Обуките за сите наставници во средното образование (околу 7000 наставници) се реализирани заклучно до 16 декември 2018 година.
- Стручниот тим за унапредување на граѓанското образование во основното и средното образование односно за унапредување на граѓанските компетенции на учениците согласно препораките на Европската комисија, составен од претставници од МОН, БРО, Центарот за стручно образование и обука, наставници кои реализираат настава по предметот Граѓанско образование, универзитетски професори и претставници на граѓанскиот сектор изготви документ за Граѓански компетенции од кој произлезе да се промени наставната програма по предметот Граѓанско образование за VIII и IX одделение и за прва година во средно образование. Новата наставната програма за VIII одделение започна да се применува од 3-ти септември 2018 година. Наставната програма за IX одделение е изготвена, донесена од министерот и нејзината имплементација ќе започне од септември 2019 година. Бирото за развој на образование ја изработи и наставната програма за граѓанско образование за прва година на средното стручно образование, Програмата е модуларна, базирана на компетенции и започна да се применува во 6 пилот училишта од септември 2018 година. Во периодот ноември-декември 2018, реализирани се обуки за сите наставници (вкупно 15 обуки, а опфатени 353 наставници) кои реализираат настава по предметот Граѓанско образование во основните училишта).Обуката е дел од реформите во основното образование која има за цел да ги зајакне компетенциите на наставниците за реализација на новата наставна програма по Граѓанско образование во VIII одделение, како и да ги воведе

во новиот пристап во наставата и учењето на граѓанското образование со активно вклучување на учениците.

- На 15 октомври, објавени се конкурсите за доделување на ученички стипендии за учебната 2018/2019 година (400 нови стипендии за социјална поддршка на ученици, 80 нови стипендии за талентирани ученици спортисти, 100 нови стипендии за талентирани ученици, 100 нови стипендии за ученици со посебни потреби, 50 нови стипендии за ученици – деца без родители и родителска грижа, 15 нови стипендии за ученици кои реализираат наставни програми од угостителско-туристичка струка). Резултатите од конкурсите се објавени на 18 декември 2018.
- На 26 октомври, објавен е Конкурсот за доделување стипендии за ученици во Спортската академија за учебната 2018/2019 година. Резултатите од конкурсот се објавени на 5 декември 2018 година.
- На 22 ноември објавен е Конкурсот за доделување на стипендии во пет категории за ученици Роми запишани во прва, втора, трета и четврта година од јавните и приватните средни училишта во Република Македонија за учебната 2018/2019 година .
- Во месец декември, потпишан е Меморандумот за соработка помеѓу Владата на Република Македонија претставувана од Кабинет на заменик претседател на Владата задолжен за економски прашања, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика и Фонд за иновации и технолошки равзој и меѓународните партнери Швајцарска агенција за развој и соработка, УСАИД и УНДП, за заедничка медиумска кампања за промовирање на стручните занимања и можностите за стручно образование. Кампањата ќе започне во првиот квартал од 2019 година.
- Министерството за образование и наука и Министерството за финасии, дадоа поддршка (потпишаа писмо за поддршка) за спроведување на проект за стручно образование „Регионален фонд“ - ´Regional Challenge Fund“, кој ќе биде финансиран од Германската развојна банка KfW. Овој фонд, ќе има за цел да поддржи мерки за поврзување на стручното образование и обука и бизнис заедницата.
- Во насока на поддршка на практичните вештини на учениците од средното стручно образование, Министерството за образование и наука се вклучи во регионалниот проект „Училиштата се среќаваат со компаниите”. Проектот има за цел да ги зајакне капацитетите и компетенциите на стручните училишта во Македонија, Албанија и Косово за соработка со економската заедница, со посебен фокус на организацијата и спроведувањето на Учењето преку работа. Притоа, главен фокус е интеграција на координаторите во училиштата за учење преку работа како „Interface“ помеѓу училиштето и бизнис заедницата и дефинирање на нивната улога, одговорности и компетенции. Проектот се имплементира со поддршка на Култур Контакт – Австрија
- На 15 октомври објавен е Јавниот повик за доделување на грантови за основните и средните училишта кои ке реализираат ,заеднички наставни и

воннаставни ученички активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата а кои можат да се реализираат самостојно во училиште во кое наставата се реализира на повеќе наставни јазици или во партнерство со друго училиште. Заклучно со крајниот рок за аплицирање (15.11.2018) пристигнати се 77 апликации од основни училишта и 36 апликации од средни училишта (комплетни - со потврда за учество и испратени во зададен рок).

- На 30 октомври 2018, заврши повикот за доставување на апликации за меѓуетничка интеграција на училиштата во рамки на проектот „Градиме мостови". Од страна на Бордот на проектот одобрени се за финансирање две апликации: на ООУ Невена Георгиева Дуња", Кисела Вода (во соработка со ОУ „Емин Дураку" Сарај и ПОУ „Драга Стојановска" Сопиште) и на ООУ „Кузман Јосифовски Питу", Кисела Вода (во соработка со ООУ „Лирија", Чаир, ООУ „Јоаким Крчовски", Ѓорче Петров и ООУ „25 Мај", Гази Баба). Активностите ќе се спроведат до крајот на учебната година (јуни 2019)
- Континуирано се спроведуваше проектот „Училишни спортски игри". Во периодот од 25.06.2018 до 07.07.2018 во Охрид се одржа „Училишниот спортски камп 2018" под покровителство на Министерството за образование и наука и Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија, кој го организира Федерацијата на училишен спорт на Македонија
- Во рамки на ИПА 2 - и Акциската програма 2017 „ЕУ поддршка за образование, вработување и социјални политики" предвиден е проект „Improving quality of the education" (EuropeAid/139847/IH/SER/MK) во времетраење од 24 месеци, кој опфаќа надградба на системот на обезбедување на квалитет и инвестирање во професионалниот развој на наставниците. Проектот има две компоненти: (1) анализа и ревизија на интерниот и надворешниот систем на обезбедување на квалитет (евалуација) и (2) подобрување и унапредување на системот на професионален развој на наставниците. Согласно ИПА процедурите, на 21.08.2018 година беше објавена Белешка-најава за тендер за овој проект. Во периодот јули-декември се работеше на подготовка на Опис на задачи за овој проект, којшто на 10.01.2019 година беше доставен на одобрување до Секторот за централно финансирање и склучување на договори при Министерството за финансии. По негово одобрување од МФ, а последователно и Делегацијата на ЕУ, ќе следи спроведување на тендерската процедура за избор на најповолен понудувач, по што се очекува склучување на Договорот за услуги кон крајот на 2019 година.

**Реализирани активности кои не се предвидени со Програмата за работа:**

- Фондот за иновации и технолошки развој и Министерството за образование и наука ги избраа најдобрите научно - истражувачки проекти од областа на природните и техничките науки, кои ги изготвија ученици од основните и средните училишта и со истите аплицираат на таканаречениот „Предизвик

за млади истражувачи“, кој предвиде распределба на 4,2 милиони денари за нивна реализација. На повикот беа поднесени вкупно 98 апликации.

- Министерството за образование и наука, Фондот за иновации и технолошки развој, УНИЦЕФ и CEED HUB Скопје – објавија два Повика за учество во UPSHIFT програмата наменета за ученици на возраст од 13-19 години, Целта на Програмата е учениците да откријат што сакаат да променат во заедницата, да развијат иновативно решение и да добијат финансиска поддршка од 2.000 евра за истото да стане реалност.
- Министерството за образование и наука и Светска банка продолжија со имплементацијата на ГРИТ програмата во основните училишта. Станува збор за програма која има за цел унапредување на социо - емоционалните вештини кај учениците, односно нивна едукација за да научат да ги препознаат и да управуваат со личните емоции, да се справуваат со конфликтни ситуации, да знаат да постават и да постигнат одредени цели и слично.
- Министерството за образование и наука и УНИЦЕФ, на 26.09.2018 година организираа настан „Кон инклузивно образование – насоки за реформи“. Преку настанот се овозможи поширока дебата меѓу надлежните институции, граѓанскиот сектор и домашните и странски партнерски организации за актуелните состојби поврзани со инклузивноста на образованието во Република Македонија, беа презентирани нормативните рамки и позитивни искуства од други земји, како и се иницираа нови предлози и идеи за унапредување на концептот на образовна инклузивност во земјата.
- Во месец октомври зголемена е платата (септемвриска плата), за 5% за наставниците и стручните соработници во основното и средното образование.
- Завршено е истражувањето за инклузивно образование, од страна на Бирото за развој на образованието. Со истражувањето се опфатени вкупно 367 основни училишта во Република Македонија (од кои во 293 наставата се реализира на македонски наставен јазик и во 74 на албански наставен јазик). За истражувањето беа користени анкетни прашалници наменети за училиште, наставници и стручни соработници. Истражувањето е спроведено, завршен е извештајот и е во процес на техничко уредување и печатење.
- Имајќи предвид дека инклузијата е процес којшто ги зема предвид различните потреби на сите ученици преку зголемувањето на учеството во учењето, учеството на различните култури и заедници, намалувањето на исклученоста во рамки на образованието, како и исклученоста од образовниот процес Бирото за развој на образованието со поддршка на Канцеларијата на УНИЦЕФ започна со обука на основните училишта за нивна трансформација во инклузивни средни за раст и развој на секое поединечно дете. Во пилот фазата (ноември-декември 2018 година) беа вклучени 20 училишта во кои се обучени сите наставници од избраните училишта од страна на тимовите составени од советник во Бирото за развој

на образование, специјален едукатор и практичар (наставник/педагог/психолог).За реализација на обуките и за работата во училиштата со поддршка на Канцеларијата на УНИЦЕФ подготвен е и отпечатен Водич за работа на инклузивните тимови во основните училишта (на македонски јазик и на албански јазик).

- Министерството за образование и наука е вклучено во Програмата за деинституционализација на корисниците од Заводот „Бања Банско" во Струмица, која се спроведува со поддршка од УН агенциите, а координирано од МТСП. Како дел од процесите за деинституционализација на корисниците предвидено е и нивна инклузија во образовниот систем.
- По повод 15-ти октомври, Светскиот ден за миење на рацете и ден за подигнување на свеста за чисти раце, за редовно миење и грижа за здравјето, Министерството за здравство со поддршка од Министерството за образование и наука објави Јавен повик за учениците од 1-во до 5-то одделение од сите основни училишта во Република Македонија, за изготвување на ликовна творба на тема „Чисти раце-добро здравје". Најдобрите трудови беа наградени, а од сите пристигнати беше направена изложба на тема „Чисти раце-добро здравје".
- Министерството за образование и наука, учествуваше во кампањата за одговорно родителство „И родителството се учи", во партнерство со МТСП и Уницеф. Министерството за образование и наука потенцираше дека заедно со училиштата, поточно со стручните служби во училиштата како и досега, така и понатаму ќе продолжи да обезбедува поддршка на сите родители и старатели кои имаа потреба од стручна поддршка, совети и советодавни предавања во насока на подобрување на своето родителско однесување, а со крајна цел подобрување на однесувањето на нивното или нивните деца, кои во одредени периоди за време на училишниот престој покажувале или покажуваат извесни форми на несоодветно однесување за нивната возраст, драстично го намалиле просечниот успех во учењето или пак, неоправдано отсуствуваат од наставата.
- Во соработка со Уницеф и ОЕЦД изготвен е преглед на системот во Република Македонија за обезбедување на контрола на квалитет. Извештајот дава и насоки/препораки за подобрување на системот за обезбедување на контрола на квалитетот и тоа во неколку сегменти: повисоки образовни резултати преку оценување на ученици, оценување на наставниците како поддршка и потик за добра настава, усогласување на евалуацијата на училиштата со основните цели за одговорност и подобрување и креирање поцврста рамка за следење и евалуација на националниот напредок во образованието. На 31 јануари 2019, организиран е настан со сите образовни институции. Врз основа на истиот ќе биде изработен Концепт за систем за обезбедување контрола на квалитет.
- Со поддршка на Британски совет, започнаа активности за реализација на програмата „Училишта на 21-от век". Програмата „Училишта на 21-от век во Западен Балкан", дизајнирана од Британски совет а финансирана од владата на Обединетото кралство, има за цел да се подобрат дигиталните

вештини и перспективите за вработување на младите во земјите од Западен Балкан (Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора и Србија), преку воведување на иновативен пристап во подучување на ученици на возраст од 10 до 15 години на вештини за критичко размислување и решавање проблеми преку кодирање и примери за практична примена на компјутерите во секојдневниот живот..

## IV. ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И СТУДЕНТСКИОТ СТАНДАРД

Во четвртата програма предвидени се вкупно 11 мерки/активности за подобрување на квалитетот на високото образование и студентскиот стандард.

**Реализирани активности во 2018 година:**

- На 16 март 2018 година, објавени се конкурсите за доделување на стипендии за граѓаните на Република Македонија коишто во академската 2018/2019 година, ќе се запишат на прв, втор или трет циклус на студии на еден од првите десет рангирани универзитети од сите области, односно на еден од првите сто рангирани универзитети од областа на техничките науки, архитектурата, градежништвото, математиката, меѓународното право, економијата и финансиите, физиката, биологијата, хемијата и генетиката, според последната објавена ранг листа на Центарот за универзитети од светска класа при Шангајскиот Џио Тонг универзитет. На 1 септември заврши рокот за пријавување по Конкурсите. За прв циклус на студии доделени се 22 стипендии, а за втор циклус 15 стипендии.
- На 30 октомври, објавен е Конкурсот за доделување стипендии на редовни студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Македонија за студиската 2018/2019 година. Рокот за пријавување траеше до 30.11.2018 година, а резултатите се објавени на почетокот на месец февруари 2019 година. Изготвена е и измена и дополнување на Законот за студентскиот стандард во насока на воведување на нов тип на студентски стипендии за студенти запишани во прва година на студиски програми на високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование. Целта на ова законско решение е да се мотивираат завршените средношколци со постигнати високи резултати (кои биле корисници на стипендија од министерството за талентирани ученици) да го продолжат своето образование на факултети кои реализираат студиски програми за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование.
- Обезбедено е сместување и исхрана на студенти во студентски домови во Македонија. На 26.07.2018 година, објавен е Конкурс за прием на студенти запишани на додипломски студии во државните студентски домови и други

објекти за сместување во Република Македонија за студиската 2018/2019 година . Резултатите од Конкурсот се објавени на 31.08.2018 и 04.09.2018 на веб страната на министерството, за студентите од втора до четврта година, а на 30.09.2018 за студентите од прва година.

- Завршена е реконструкцијата на Блок В и Блок Г во СД „Гоце Делчев“ Скопје
- Продолжува изградбата на нов објект за потребите на ФИНКИ (Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство) Скопје,
- Продолжува изградбата на нов објект за потребите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, Скопје
- Со новиот Закон за високото образование предвиден е и нов начин на студентско организирање, во глава Четврта оддел 2. Имено, со законот е уредено учеството на студентите во управувањето, начинот на основање и финансирање на студентските собранија, надлежностите на универзитетското студентско собрание, на факултетското студентско собрание и студентско собрание на висока стручна школа. Предвидено е во рок од 6 месеци од денот на стапување во сила на Законот (најдоцна до 16.11.2018) да се спроведат избори за претставници во студентските собранија и претседатели на студентските собранија, а студентските собранија во рок од 30 дена од конституирањето да изберат претставници во органите за кои тоа е предвидено со овој закон. Дополнително, на 31.10.2018 година, со решение на министерот формирана е Работна група за студентско демократско организирање во Република Македонија, составена со претставници од Министерството за образование и наука и младинските организации која треба да изготви конкретни предлози за унапредување на студентското организирање во земјата.
- Со Законот за поддршка на млади при купување на музички инструменти кој е донесен од страна на Собранието на Република Македонија предвидено е доделување на еднократен паричен надоместок за студенти запишани на факултетите за музичка уметност, за набавка на музички инструмент. На 27.09.2018 објавен е Јавниот повик за спроведување на проектот „Субвенционирано купување на музички инструменти“ за талентирани студенти (доделување на еднократен паричен надоместок за студенти запишани на факултетите за музичка уметност, за набавка на музички инструмент). До крајниот рок (26.11.2018) пристигнати се 12 апликации и во тек е нивна евалуација.
- Со Решение на министерот за образование и наука од 01.03.2018 година, формирана е работна група за изготвување на Предлог на закон за субвенционирање здрав студентски оброк со претставници на МОН, МИОА, МТСП, ГС, МЕ, МФ, Институт за јавно здравје и Кабинетот на министерот без ресор. Работата група го оствари својот прв работен состанок на 15.03.2018 година. Во врска со проектот „Субвенциониран студентски оброк и други студентски потреби“, на 85-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 29.08.2018 година, разгледан е предлогот за проектот „Субвенциониран студентски оброк” со Акциски план и рокови за имплементација и нацрт-закон и задолжено е министерството да изврши

дополнителни усогласувања на нацрт-законот со стручната јавност и студентските здруженија .

- Спроведена е Анализа на механизмите за раководење и управување на универзитетите., насловена како „Современо управување за македонските универзитети: меѓународни трендови и опции за реформи”. Анализата за потребите на Министерството за образование и наука е изготвена од страна на меѓународниот консултант Џамил Салми (во рамки на Проектот за развој на вештини и иновации). Овој извештај за управувањето се фокусира на клучните аспекти на автономијата на организацијата и на управувањето со човечките ресурси предлагајќи мерки за зголемување на автономијата на установата и на отчетноста.
- Со новиот Закон за високо образование, кој стапи на сила на 16.05.2018 година, се регулира основање на Агенција за квалитет на високото образование со два органи во рамките на неа, и тоа Одборот за акредитација и Одборот за евалуација. Одборот за акредитација и Одборот за евалуација ќе функционираат како две засебни тела, со цел да се зголемат нивните капацитети. Истовремено преку раздвојувањето ќе се поттикне и нивната специјализација и насоченост кон одредената дејност. Покрај тоа со оглед на начинот на избор на членовите на Одборите, се обезбедува целосна независност како од владата и надлежното министерство така и од директорот на Агенцијата за квалитет. Рокот за формирање на овие тела е една година од денот на влегување во сила на овој закон (до 16 мај 2019 година). На предлог на Министерството за образование и наука, Владата на Република Македонија, ги разгледа информациите за основање на Агенција за квалитет на високото образование со два органи во рамките на неа, и тоа Одборот за акредитација и Одборот за евалуација (на 107-та седница на Влада, одржана на 11.12.2018 година) и за основање на Национален совет за високо образование и научно-истражувачка дејност (на 105-та седница на Влада, одржана на 27.11.2018 година), согласно новиот Закон за високото образование, и ги задолжи релевантните институции да достават номинации за членови во овие тела до МОН и Собранието на Република Македонија, соодветно.
- Во рамките на Твиниг проектот „Развој на соработка помеѓу високо-образовните институции, приватниот сектор и релевантните органи“ направена е анализа и изготвен е Прирачник за одбори за соработка и доверба со јавноста со кој се обезбедуваат голем дел од основните информации кои што се од интерес за да се разбере улогата на Одборите за соработка и доверба со јавноста.
- Во однос на проектот за изработка на интегриран софтвер и база на податоци за високо образование, ангажиран е експерт кој работи на дизајн на софтвер за високо-образовните установи, во кој ќе внесуваат унифицирани податоци.

# V. ВЛОЖУВАЊЕ ВО НАУКАТА И ИНОВАЦИИТЕ

Во петтата програма предвидени се вкупно 9 мерки/активности за подобрување на научно-истражувачката дејност и иновациите.

**Реализирани активности во 2018 година:**

- На 2 јануари 2018 година, објавен е Конкурс за доделување на наградата "Гоце Делчев" во 2018 година,со која се оддава општествено признание за особено значајно остварување во сите области од науката од интерес на Република Македонија и истата е доделена.
- На 20.02.2018, објавен е Конкурс за распределба на средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири 2018 година и Конкурс за распределба на средства за финансирање на организација на научни собири за 2018. Согласно Конкурсот за распределба на средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири за 2018 година поднесени се вкупно 262 пријави. Прифатени за финансирање се 227 пријави, 35 пријави не ги исполнуваат критериумите од Конкурсот и истите се одбиени за финансирање. Согласно Конкурсот за организација на собири за 2018 година вкупно се поднесени 50 пријави.Прфатени за финансирање се 33 пријави,а 17 пријави не ги исполнуваат критериумите одд конкурсот и истите се одбиени.
- Во тек се активности за изготвување на Стратегија за паметна специјализација. Согласно заклучокот од 91-та седница на Влада на Република Македонија, одржана на 2.10.2018 година, МОН ја надополни Работната група со претставници од Државен завод за индустриска сопственост, Стопанска комора на Македонија, Сојуз на стопански комори на Македонија, Стопанска комора на северозападна Македонија, МАСИТ-ИКТ Стопанска комора, МАНУ, Министерство за локална самоуправа, Министерство за транспорт и врски, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерство за животна средина и просторно планирање.
- Спроведен е Конкурс за доделување на еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд во меѓународно списание со фактор на влијание (импакт фактор) за 2016 врз основа на кој се одобрени за финансирање 249 пријави. На 17 мај 2018, објавен е Конкурсот за доделување на еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд во меѓународно списание со фактор на влијание (импакт фактор) за 2017 година, со рок на пријавување до 1 декември 2018 година. Примени се околу 250 апликации и во тек е нивна евалуација.
- Се реализираат проектите по објавениот Конкурс за кофинансирање на билатерални проекти меѓу Република Македонија и Народна Република Кина за периодот 2018 - 2019 година (13 проекти за 2018 година се исплатени).

- Пуштен е во употреба реновираниот Оддел за хибридна конвенционална нуклеарно медицинска дијагностика при Институтот за патофизиологија и нуклеарна медицина во Скопје (со нова SPECT/CT гама камера). Станува збор за инвестиција реализирана со поддршка на Меѓународната агенција за атомска енергија, со која Република Македонија има потпишана програмска рамка за техничка соработка, а национален координатор на активностите е Министерството за образование и наука.
- Исплатени се средства за поттикнување и помагање на техничката култура за 2018 година.
- Врз основа Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Австрија за научна и технолошка соработка, избрани се за финансирање 15 заеднички македонско – австриски научно-истражувачки проекти за периодот 2018 – 2020 година Во четвртиот квартал започнаа да се реализраат македонско – австриски научно-истражувачки проекти за периодот 2018 – 2020 година. Во месец декември исплатена е и прва транша за проектите.
- Започната е постапка за склучување на нова Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави за научна и технолошка соработка за период од 10 години. Владата на Република Македонија, на Деведесет и првата седница, одржана на 2.10.2018 го прифати тесктот на Протоколот за продолжување на спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави за научна и технолошка соработка за период од 10 години, и го овласти министерот Адеми да го потпише.
- Во тек се преговори за склучување на спогодба за билатералните научно-истражувачки проекти меѓу Република Македонија и Република Франција
- Со Решение на министерот формирана е Работна група за изготвување на предлог - Национален патоказ за истражувачка инфраструктура (National Research Infrastructure Roadmap), со претставници од МОН и академската фела.

## VI. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во шестата програма предвидени се вкупно 7 мерки/активности.

**Реализирани активности во 2018 година:**

- Министерството за образование и наука целосно ја исплати годишната котизација (за 2018 година) за учество во Програмата Хоризонт 2020. Се одржа работилница за пишување на предлог проекти за Програмата Хоризонт 2020, наменета за академскиот сектор, со презентери од ЕУ. Одржани се два инфо настана за промоција на новата Програма Хоризонт Европа, JRC и EuroAcess.
- Министерството за образование и наука учествува во работењето на Меѓународниот институт на Југоисточна Европа за одржливи технологии со

мисија „Наука за мир”, институт кој ќе работи според “ЦЕРН моделот”. Главна цел на проектот е да се промовира соработката меѓу науката, технологијата и индустријата, односно да биде платформа за едукација на талентирани млади луѓе и инженери врз основа на трансфер на знаење и технологии од европските центри и лаборатории, а проектот ќе овозможи и вработување на научници и експерти од земјите коишто ќе бидат вклучени во него. До сега се одржани четири состанока на Управниот комитет на овој Институт

- Во однос на Програмска рамка за техничка соработка меѓу Република Македонија и Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ) за периодот 2018-2023 усогласена/потврдена е првата „draft“ верзија на документот и испратена е до експертите на МААЕ.
- Во месец август 2018, поднесен е Регионален проект до МААЕ, регистриран под RER2018009 и насловен: ,,Развој на човечки капацитети за изградба на синхротрон со биомедицинска намена, т.е. лекување на канцер со хадронска терапија во рамките на Заедничкиот Меѓународен институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа (SEEIIST)" за следниот ТЦ циклус 2020-21. Проектот ја помина првата евалуација од МААЕ, и е веќе во следната (проектна) фаза. Република Македонија е меѓу земјите од регионот која изрази силна поддршка за овој регионален проект и учествуваше во негова подготовка. Во месец ноември 2018 се одржа и годишниот состанокот на членките на Меѓународната атомска агенција за енергија (МААЕ), на која учествуваше и претставникот од Република Македонија. На состанокот беа разгледувани апликациите од сите земји за финансирање/поддршка на проекти преку МААЕ.
- Изготвен е Нацрт договорот за соработка на полето за образованието, истражувањето, иновациите меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдавија и завршени се сите внатрешно - правни процедури. Се очекува датум од Република Молдавија (преку Министерство за надворешни работи) за потпишување на Договорот за соработка на полето за образованието, истражувањето, иновациите меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдавија (завршени се сите внатрешно - правни процедури).
- Потпишан е Меморандум за партнерство и соработка во образованието помеѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Меѓународната организација за франкофонија.
- Во тек е усогласување на текстот на Протоколот за соработката на полето на науката и технологијата меѓу Министертвото за образование и наука на Република Македонија и Советот за научни и технолошки истражувања на Турција (ТУБИТАК)
- Владата на Република Македонија на Шеесет и деветата седница одржана 22.05.2018 го прифати усогласениот текст на Спогодбата помеѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Министерството за образование и вработување на Република Малта за

взаемно признавање на високообразовните степени, дипломи и сертификати.

- Во месец јуни 2018, склучен е нов Протокол за соработка за доделување на стипендии „Борис Трајковски" од страна на Министерството за образование и наука на Република Македонија, Кабинетот на Претседателот на Република Македонија и Меѓународниот факултет на Универзитетот Шефилд од Велика Британија, Сити Колеџ, лоциран во Солун, Грција. Врз основа на потпишаниот Протокол, целосно е спроведен Конкурсот за доделување на стипендиите (доделение се вкупно 20 стипендии за академската 2018/2019 година).
- За време на седмиот министерски состанок во рамки на Платформата за образование и обука на земјите од Западен Балкан (24 и 25 јуни во Брисел, во организација на Европската комисија), министерот за образование и наука оствари неформалните средби со министрите за образование на Албанија, Косово и Црна Гора. За време на средбите, сите страни изразија интерес и подготвеност за размена на искуства и поголема соработка преку иницирање на заеднички проекти и активности на сите нивоа и во сите образовни сегменти, особено во високото образование и науката, каде заеднички став е дека постои можност да се зголеми мобилноста на наставниот кадар, размената на студенти и да се реализираат повеќе билатерални научно – истражувачки проекти.
- Во насока на исполнување на дел од обврските преземени со Повеќегодишниот акциски план за Регионална економска област, Владата на Република Македонија на Деведесеттата седница одржана на 25.09.2018 година, го разгледа и прифати Нацрт текстот на договорот за заемно признавање на професионалните квалификации за докторите по медицина, стоматолози, архитекти и градежни инженери меѓу земјите од Западен Балкан, како основа за водење на преговорите и формираше преговарачки тим составен од сите релевантни институции. Во месец декември започнаа преговорите меѓу земјите од Западен Балкан. Во месец декември се одржа и четвртиот состанок на работната група за автоматско признавање на академски квалификации помеѓу земјите од Западен Балкан. Во месец ноември се одржа состанок и на Работната група за мобилност на научниот кадар.
- Спроведен е Конкурсот за стипендии за студиски престој во земјите членки на CEEPUS Програмата. На 20 декември 2018 година, објавен е Конкурсот за партиципација на високообразовните установи во CEEPUS мрежите за академската 2019/2020 година
- Во месец јули 2018 година, согласно член 12 од Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Босна и Херцеговина во областа на образованието и науката, министерот именуваше претставници на Заедничкиот комитет од Министерство за образование и наука на Република Македонија. За номинацијата е известена и Босна и Херцеговина преку дипломатски пат, по што се очекува интензивирање на соработката помеѓу двете земји во областа на образованието и науката.

- Во насока на продлабочување на меѓународната соработка објавени се следниве конкурси за доделување на стипендии:
  - Конкурс за доделување на стипендии за студенти од САД, Организација на Американски Држави (ОАС), Француска Република, Австрија, Германија, Полска, Чешка, Словачка, Кина, Русија, Украина, Унгарија, Шведска, Данска, Норвешка, Литванија, Латвија, Естонија, Финска, Монголија, Индија, Индонезија, Египет, Мароко, Казахстан, Португалија, Кипар, Шпанија, Ерменија, Белорусија, Тајланд, Израел, Јордан, Грузија, Романија и Грција за студии на Универзитетот „Св.Апостол Павле" во Охрид за академската 2018/2019 година .
  - Конкурс за доделување една стипендија на студент од Македонија за студии во Московскиот државен институт за меѓународни односи при Министерството за надворешни работи на Руската Федерација за академската 2018/2019 година
  - Конкурс за доделување на стипендија за престој во германскиот Бундестаг во траење од 5 месеци, односно од 1 март до 31 јули 2019 година.
  - Конкурс за доделување на стипендии за додипломски и постдипломски студии од Министерството за образование, култура, спорт, наука и технологија (Monbukagakusho: MEXT) на Јапонија
  - Конкурс за стипендии за 4 кандидати од Република Македонија за учество на летни школи по полски јазик во Република Полска
  - Јавен повик на Израелската агенција за развој на меѓународната соработка - МАШАВ за учество на наставен кадар од областа на високото образование во Република Македонија на интернационалниот курс на тема „Нови педагогшки практики на 21-от век".
  - Објавен е Конкурс за Фулбрајт студентската програма (заедничка програма на Владите на Македонија и САД), за пост - докторски студии во Соединетите Американски Држави, за академската 2019 – 2020 година.
  - Објавен е Конкурс за стипендии за докторски и постдокторски студии и истражувања во Швајцарија за академската 2019/2020 година, кои ги доделува Федералната комисија за стипендии за странски студенти на Владата на Швајцарија;
  - Објавен е Конкурс за стипендии за додипломски и постдипломски студии во Грција за академската 2018/2019 година, кои ги доделува Министерството за надворешни работи на Република Грција.
  - Објавено е соопштение за организирање на Саем – презентација на руските високо образовни институции, во Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" во Скопје
  - Отворен повик за Чивнинг стипендии на Британската влада за учебната 2019/2020 година;
  - Конкурс за доделување на стипендии за изучување на словенечки јазик и студиско усовршување во Република Словенија за академската 2019/2020 година;
  - Конкурс за стипендии за студирање на австриските универзитети, за студенти, дипломирани лица и истражувачи од Република Македонија за академската 2019/2020 година, кои ги доделува Сојузното министерство за образование, наука и истражување на Република Австрија;
  - Конкурс за учество на студенти од Република Македонија на Меѓународна летна школа во Осло, Норвешка, која ја организира Универзитетот во Осло;
  - Конкурс од Британскиот фонд за стипендии – British Scholarship Trust за кратки студиски престои (од 1 до 3 месеци) за млади истражувачи од Република Македонија на соодветни високо образовни и научно-истражувачки институции во Велика Британија за 2019 година;
  - Конкурс за 20 стипендии за додипломски и последипломски студии на државните универзитети и колеџи во Унгарија за академската 2019/2020 година, во рамки на Програмата Stpendium Hungaricum на Владата на Унгарија;
  - Конкурс за бесплатно образование во рамките на државната квота во најдобрите високообразовни и средни стручни образовни установи на Руската Федерација;

- Повик за финансирање на постдипломски студии за тренери и наставници по физичко образование на Универзитетот во Лајпциг.

## VII. НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

Во седмата програма предвидени се вкупно 5 мерки/активности.

**Реализирани активности во 2018 година:**

- Во соработка и активно учество со клучните заинтересирани страни изработени се методологии и протоколи кои се одобрени од страна на националниот одбор за МРК и поставени на веб странана на Македонската рамка на квалиификации.
- Формирана е работна група за усогласување на законите од образованието со Законот за НРК.
- Текстот на новиот Закон за високото образование е целосно усогласен со Законот за Национална рамка на квалификации
- Фомирани се девет секторски комисии кои активно работаа на разгледување и одобрување на стандардите на квалификации. Направени се обуки за членоивите на пет секторски комисии за читање на резултатите од учење во стандардите на квалификации и одредување на нивото на квалификацијата во МРК. Во тек е обука на членовите на четирите секторски комисии.
- Направена е анализа на воспоставениот систем за МРК во рамките на ИПА Проектот Понатамошна имплементација за НРК и изработен е документ со препораки за измени во законите за областа на образованието. Препораките се земени предвид при измените и дополнувањето на законите кои се во тек (за кои е формирана Работна група).
- Од страна на Одборот на МРК и МОН усвоени се препораките дадени од Советодавната група за ЕРК при ЕК и изготвен е Патоказ со понатамошни активности.
- Воспоставен е Регистарот за НРК.
- Започна процесот на информирање за НРК и нејзините придобивки преку форуми и конференции. Во рамките на активностите на МОН и Одборот на МРК направени се три регионални работилници во Скопје, Струмица и Битола на тема: НРК како инструмент за осигурување на квалитет и една конференција со присуство на министер во Скопје. Во рамките на регионалните работилници опфатени беа различни чинители од различни градови: Кавадарци, Велес, Штип, Прилеп, Охрид, Куманово, Тетово, Гостивар, Ресен, Крушево, Демир Хисар ,Неготино и други. Учествувано во конференции организирани од други чинители на тема: НРК инструмет за обезбедување на квалитет.
- Во рамките на ИПА Проектот Понатамошна имплементација за НРК изработен е Прирачник за развивање на нови квалификации во кои е

разработен и делот за резултати од учење. Прирачникот е поставен на веб страната на НРК и дистрибуирани се Прирачници.

- Врз основа на Анализата за потребите на пазарот на труд направена во рамките на Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации (СКИЛС) и ИПА Проектот за Модернизација на стручното образование и обука и Прирачниците за прилагодување на постојните и развивање на нови квалификации, се направи вклучување и рапоредување по нивоа на вкупно 40 квалификации.

## VIII. АКТИВНОСТИ НА СЕКТОРОТ ЗА ЕВРОПСКА УНИЈА

Во осмата програма предвидени се вкупно 11 мерки/активности.

**Реализирани активности во 2018 година:**

- Донесена е Стратегија за образование 2018-2025 година, изготвена во рамки на ИПА Инструментот. Организиран е промотивен настан за Стратегија за образование 2018-2025 година, во СУГС „Орце Николов", на 21.05.2018 година.
- Континуирано се следи и известува за степенот на реализација на активностите од областа образование предвидени во Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (за тековната година)
- Континуирано се реализираат активности поврзани со ЕУ програмата „Европа за граѓаните 2014-2020" (реализирана е уплата на влезен билет за учество во Програмата за 2018 година)
- Обезбедени се информации за финалниот извештај за затварање на Оперативната програма за развој на човечки ресурси 2007-2013
- Се спроведе меѓународната Студија за однесувањата поврзани со здравјето кај младите на училишна возраст, со опфат на 6000 ученици од 155 училишта. Податоците од реализацијата на меѓународната Студија за однесувањата поврзани со здравјето кај младите на училишна возраст, со опфат на 6000 ученици од 155 училишта, се испратија на обработка согласно процедурите.
- Во рамки на подготвителните активности за креирање на Описи на задачи согласно активностите во рамки на Акциската програма за 2017 година за секторот Образование, вработување и социјална политика, беа формирани работните групи за договорите предвидени во оваа програма:
    - Одржани се три состаноци со членовите на работна група за подготовка на Опис на работните задачи за Договорот за услуги - активност 2.4. Подобрување на квалитетот во образованието од Акциската програма 2017 во рамки на ИПА 2. На состаноците имаше претставници од секторите за основно и средно образование, БРО, ДИЦ, ДПИ (како и претставник од МЦГО и ДЕУ на првиот состанок). По добиениот повратен одговор се пристапи кон подетална разработка на Описот на задачи.

- Одржан е подготвителен состанок за Договорот за услуги - активностите 3.1-3.4 Подобрување на атрактивноста, релевантноста и инклузивноста на стручното образование и образованието за возрасни. Одржан е координативен состанок со претставници нха Швајцарската амбасада и проектниот тим за имплементација на проектот „Образование за вработување во Македонија" со цел усогласување на ИПА активностите и планирањата во рамки на овој 10 годишен проект.
- Одржан координативен состанок во УНИЦЕФ за појаснување на некои отворени прашања во врска со Договорот за услуги за предучилишно образование – активност 2.1 од АП2017.
- Одржани се состаноци за планираниот твининг договор и договорот за набавка за активноста 2.3 Понатамошна поддршка на системот за воспоставување на Национална рамка за квалификации.

- Во однос на подготовката на Акцискиот документ за ИПА 2019 за социјалниот сектор, се работеше на дефинирањето на индикаторите со поддршка на експертите. Во септември се одржа состанок во ДЕУ со СЕП, МТСП, претставници на ДЕУ и на Генералниот директорат за проширување преку видео конференција, на кој се дискутираа генералните коментари на Брисел по однос на првата драфт верзија на АД 2019. Одржан е состанок со министерот и експертот по однос на дефинирањето на индикаторите.
- Финализирање на нацрт-верзијата на Анексите за Поглавјето 3.26 - дел образование (за буџет, вработувања, странска помош и TAIEX) коишто се дел од Националната програма за усогласување на правото на ЕУ
- Подготовка на буџетските табели - проекција 2019-2021 (приходи и расходи, индикатори и образложение на програми) за ЕУ програмите
- На 09.08.2018 година во просториите на ЕУ Инфо Центарот во Скопје се организираше информативен ден за ЕУ програмата „Европа за граѓаните 2014-2020".
- Министерството за образование и наука активно учествуваше во изготвување на Програмата за економски реформи 2019-2021
- Се искажа поддршка за учество на Република Македонија во Европскиот корпус на солидарноста (European Solidarity Corps) како нова програма во 2019 и 2020, иницијатива наменета за млади од 18 до 30 години за волонтирање и проекти за солидарност и вмрежување.
- Започнат е процесот на финализирање и усвојување на Законот за признавање на професионални квалификации. Истиот е објавен на енер страницата на 17.09.2018 година, по што беше доставен до соодветните институции на мислење и усогласување. Процесот на усогласување на Законот за признавање на професионални квалификации е во завршна фаза.

## IX. ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА

Во деветата програма предвидени се вкупно 13 мерки/активности.

**Реализирани активности во 2018 година:**

- Обезбеден е интернет за основните централни и подрачни училишта, за училишта во рурални подрачја или подрачја со ниско развиена или без телекомуникациска инфраструктура, за средните училишта и за државните студентски домови во Р. Македонија.
- Согласно Законот за јавни набавки, завршена е постапката за набавка на интерактини табли. Извршена е распределба на набавените интерактивни табли по училиштата (десет основни и шест средни училишта)
- Завршена е постапката за обезбедување на услуга за пристап до Интернет за потребите на Министерството за образование и наука
- Завршена е постапката за Набавка на лиценци за антивирусен систем со цел заштита од вируси и друг штетен софтвер на компјутерската опрема во Министерството за образование и наука
- Согласно Законот за јавни набавки спроведена е постапка и донесена е одлука за избор за „Консултантски услуги за воспоставување на систем за управување со квалитет согласно со стандардот ISO 9001:2015".
- Согласно Законот за јавни набавки, спроведена е постапка за изработка на нова интернет страница за потребите на Министерството за образование и наука (донесена е Одлука за избор на најповолен понудувач на 28.12.2018)
- Завршена е постапката за набавка на систем за гасење на пожар во дата серверски контејнер ХУАВЕЈ IDS 1000-A, 40' All-in-one,Power 380V/400V/415V,50Hz,total 80kVA UPS(3+1 redundancy)-basic PDU, total 80kW cooling capacity ( AC 3+1 redundancy ), дел од Проектот „Е-едукација"
- Формирана е Работна група за утврдување на потребите на корисниците на ЕМИС. Во текот на 2018 година извршена е надградба на ЕМИС системот, во делот на ученичкиот модул, врз основа на анализата на Работната група. Поедноставен е и начинот на верификација на наставните планови и програми. Воведен е модул за генерирање на нови стандардизирани извештаи (Извештај за сите училишта со сите податоци, Извештај за наставни планови групирани на ниво на училиште, паралелка, ученици, Извештај за пополнетоста на системот по ученик и многу други). По барање на наставниците, и врз основа на анализата на Работната група подобрена е функционалноста и на модулот за наставници (поедноставен е прегледот на статусот на наставнците и промената на наставниците од едно во друго училиште).

# X. АКТИВНОСТИ НА ПЕДАГОШКАТА СЛУЖБА

Во десеттата програма предвидени се вкупно 9 мерки/активности.

**Реализирани активности во 2018 година:**

- Тековно се спроведуваат советувања на ученици и родители согласно донесените Програми за советување на родители и ученици. Во новиот Предлог-закон за основно образование предвидено е доколку ученикот користи говор на омраза, неговиот родител или старател да биде упатен на советување.
- Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за учебници во основното и средното образование.
- Во фаза на изготвување се нови 31 учебник за средно стручно четиригодишно образование
- Во месец февруари 2018 година, склучени се Договори за втор/трет пренос на материјалните авторски права на автори на учебниците за основното и средното образование.
- Од месеците јануари и февруари изработена е нова веб апликација за прибирање на податоци за бројот на ученици и учебници со подобри механизми на контрола на нарачка на учебници од страна на училиштата. Во месец мај стартувана е веб апликација за пријавување на оштетени учебници и нарачка на потребен тираж учебници за основните и средните училиштата за учебната 2018/19 година. Рокот за пополнување на формуларот беше до 30.05.2018 година а пополнувањето на истиот е пролонгирано до 20.06. 2018 година бидејќи голем дел од училиштата се обратија со барања за пролонгирање на рокот за пополнување на формуларот за нарачка.Во втора половина од месец јуни 2018 година сумирани се добиените податоци од страна на училиштата и врз основа на истите изготвена е проценка на потребни средства за набавка на учебници за основно и средно образование.
- Во месец март 2018 година, објавени се Повици за искажување на јавен интерес за доставување барања за одобрување учебници по странски јазици во основното, средното и средното стручно образование. Во месец јуни 2018 година завршена е постапка по објавени јавни повици за доставување барања за одобрување на учебници по странски јазици: англиски јазики, француски јазик, германски јазик, италијански јазик (основно и средно образование) и изготвени се решенија за употреба на учебници;
- Во месец март 2018 година, започната е презентација и обука на 736 наставници од основните училишта за користење на новата веб апликација, истата траеше до почетокот на април. Во месец април 2018 година,започната е презентација и обука на 180 наставници од средните училишта за користење на новата веб апликација, истата траеше до средината на април.
- Извршена е измена на 30% од содржината на 23 учебника во основно образование:

- Математика за I, II, III, IV, V, VI, VII, VIII и IX одделение
- Природни науки за науки I, II, III, IV, V и VI одделение
- Хемија за VIII и IX одделение
- Биологија за VII, VIII и IX одделение
- Физика за VIII и IX одделение и
- Македонски јазик за V одделение

- Во тек е изработка на нови учебници по предметите:
  - Општество за IV одделение,
  - Географија за VII, VIII и IX одделение,
  - Информатика за VI одделение
  - Јазик и култура на Ромите (изборен предмет) за VI, VII, VIII и IX одделение
  - Етика (изборен предмет) за III година на гимназиско образование и
  - Биологија за I година на гимназиско образование
- Во месец јуни 2018 година објавен е конкурс за предметот босански јазик за 1-во одделение во основно образование
- Завршени се постапките, согласно Законот за јавни набавки, за откуп на учебници за основно и средно образование.
- Согласно измените на Законот за учебници во основното и средното образование, набавен е целосен тираж за учебниците од прво до трето одделение по сите предмети.
- На 28.12.2018 објавен е тендер за набавка на услуги за преведување, стручна редакција, графичко, техничко уредување, печатење и дистрибуција на учебници за основно и средно образование,

## XI. АКТИВНОСТИ НА УПРАВАТА ЗА РАЗВОЈ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА ЈАЗИЦИТЕ НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ

Во последната, единаесетта програма предвидени се вкупно 14 мерки/активности.

**Реализирани активности во 2018 година:**

- Врз основа на одлуката на Владата на Р Македонија за воведување на босанскиот јазик во редовна настава во основните училишта од учебната 2018/2019 година, донесен е новиот Наставен план за прво одделение во основно образование. За оваа намена преведени се и постојните наставни програми за предметите во прво одделение, а изготвена е и наставна програма по босански јазик за прво одделение. На 20.06.2018 објавен е Конкурс за издавање на еден учебник за наставниот предмет Босански јазик за I одделение на деветгодишно основно образование.
- На 20 април 2018, објавен е Конкурсот за привремено ангажирање на 20 образовни медијатори Роми во 16 општини во Република Македонија.

Мерката медијаторство во основното образование, ќе придонесе кон унапредување на основното образование и ќе обезбеди дополнителна поддршка за учениците Роми во основните училишта..

- На 21 јуни остварена е средба со Ромскиот едукативен фонд од Будимпешта на која е договорено да продолжат активностите за финансиска стимулација и менторска поддршка за учениците од ромската етничка заедница во Република Македонија.
- Владата на Република Македонија на 85-та седница, одржана на 29.08.2018 година, ја донесе Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици Роми, запишани во средните училишта во Република Македонија за учебната 2018/2019 година. Врз основа на Одлуката, објавен е Конкурсот за доделување на стипендии во пет категории за ученици Роми запишани во прва, втора, трета и четврта година од јавните и приватните средни училишта во Република Македонија за учебната 2018/2019 година
- На 22.09.2018 година, од страна на Управата и градоначалникот на о.Центар одржан е настан за промоција на предметот„Јазик и култура на Власите"
- На 25.09.2018 година, започната е постапка со прибирање на понуди согласно Законот за јавни набавки за изготвување на систем за подготовка на исплата на стипендии за средношколци Роми и студенти Роми и генерирање на налози за исплата
- Во текот на месец август е спроведена обука на дел од вработените во Управата - со претставници од Одделението за мир и правата на децата на сите заедници и од Одделението за албански, турски, српски, ромски, влашки и босански јазик на тема промоција на мирот и образование за мир.
- Министерството за образование и наука во месец октомври 2018, склучи Меморандум за разбирање со Детската фондација Песталоци и МЦГО. Со Решение на министерот за образование и наука, во месец декември 2018, формирана е Работна група со членови од МОН, Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, Биро за развој на образованието, Државен просветен инспекторат, Педагошка служба при МОН, Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за правда и МЦГО. Во предлог верзијата на новиот Закон за основно образование дополнет е нов член „Образование на деца кои не биле вклучени во настава" кој предвидува за децата кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница да се изготвуваат соодветни наставни програми со кои ќе се овозможи нивно вклучување во соодветно одделение на основно образование. По извршената проверка на нивното знаење ќе се издава свидетелство со кое се запишува ученикот во следното одделение на основно образование. Наставните програми ќе ги изготвува Бирото, а ќе ги одобрува министерот.
- Во рамки на ИПА 2 и Акциската програма за земјата за 2017 година предвиден е проект „Support to Combating discriminations by improving inclusiveness in compulsory education" (EuropeAid/161637/DD/ACT/MK) чија

цел е преку обезбедување на стипендии да се даде поддршка во образованието на децата со попречености и децата од заедниците на Ромите. Поспецифично, целта на оваа грантова шема е да се зајакне мотивацијата за упис и редовно присуство во основното образование, како и да се зголеми уписот и намали осипувањето на овие ранливи групи ученици во основното образование, а воедноидa се подобри квалитетот на дополнителните образовни услуги во инклузивна училишна средина.. Покрај стипендиите, овој проект опфаќа и поддршка за основните училишта да овозможат поефективен  пристап до квалитетно образование за децата со попречености и децата од заедниците на Ромите. Системот на идентификување на ранливите категории на деца и ученицина нивно на општина и на ниво на училиште ќе биде подобрен, а капацитетите на националните авторитети ќе бидат унапредени. Повикот за доделување на грантови е објавен на 17.01.2019 година на веб страната на Европската комисија

Бр.01-2735/1
26.02.2019

Министер за образование и наука
D-r Arbër Ademi, с.р.